**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор**

**ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А**
**за примање на донација од Делегација на ЕУ и за давање на трајно користење на Проект за Реконструкција на Планетариум на ЈУ Младински Културен Центар Скопје**

**Скопје, ноември 2023 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02) и член 6 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21, 173/22), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на _____ 2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## за примање на донација од Делегацијата на ЕУ, за давање на трајно користење на Проект за реконсрукција на Планетариум на ЈУ Младински Културен Центар Скопје

Член 1

Со оваа Одлука Град Скопје прима донација-Проект за реконструкцуја на Планетариумот во ЈУ Младински Културен Центар Скопје од страна на Делегацијата на ЕУ ИПА III/2023/445-945.

Член 2

Проценетата вредност на донацијата од член 1 на оваа Одлука изнесува 10.000,00 Евра.

Член 3

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договор за примање на донација со одговорното лице од Делегација на Европската Унија, со кој ќе се регулира намената и начинот на користење на донацијата.

Член 4

Проектот од член 1 на оваа Одлука, Град Скопје го дава на трајно користење, без надомест на ЈУ Младински Културен Центар, за потребите на установата.

Член 5

Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор за давање на трајно користење, на Проектот од членот 1 на оваа одлука со директорот на ЈУ Младински културен центар Скопје.

Член 6

Се задолжува ЈУ Младински Културен Центар Скопје, Проектот од член 1 на оваа одлука, да го внесе во евиденцијата на установата.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

**С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е**

Број _______
__________ 2023 година
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Трајко Славески**

**Образложение**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 5/02), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје. Во член 6, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), давател на донација и спонзорство може да биде домашно и странско физичко и правно лице. Во член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), намената и начинот на користење на донациите се регулираат со договор меѓу донаторот и градоначалникот, за што претходно согласност дава советот на општината.

Проектот за реконструкција на планетариумот има за цел да го подобри и модернизира просторот и воедно да безбеди непречен пристап на лица со посебни потреби. Главните цели на проектот вклучуваат изработка на пристапна рампа, расчистување на просторот, нова инсталација за греење, ладење и вентилација, молерисување, замена на врати, замена на текстилен под, инсталација на нова расвета, нова електрилна инсталација и креирање но нови помошни простории. Сервер соба, како една од помошните простории, ќе обезбеди простор за дополнителна опрема за планетариумот, од собата за превод ќе може да се врши преведување во текот на проекциите

Проценетата вредност на опремата изнесува 10.000,00 Евра. За реализирање на донацијата Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор за примање на донација со одговорното лице од Делегацијата на Европска Умија, со кој ќе се регулира намената и начинот на користење на донацијата.

Врз основа на предходно изнесеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлука за примање на донација од Делегацијата на ЕУ, за давање на трајно користење на Проект за реконсрукција на Планетариум на ЈУ Младински Културен Центар Скопје.